**ДЕКЛАРАЦИЈА
ЗА ИНТЕРСЕКТОРСКА И РЕГИОНАЛНА СОРАБОТКА
ЗА КОНТРОЛА И ЕРАДИКАЦИЈА НА БРУЦЕЛОЗАТА
ВО ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА, СТРУГА, НОЕМВРИ 2009**

**Ние, учесниците од земјите на Југоисточна Европа (ЈИЕ)** на Меѓународната тематска научна конференција „Бруцелозата во ЈИЕ и Медитеранскиот регион", се собравме во Струга, Република Македонија, со цел да ги здружиме ресурсите за интерсекторско вмрежување, регионална и поширока интернационална соработка за поефикасна контрола и ерадикација на бруцелозата на национално, регионално и интернационално ниво.

**Сметаме** дека бруцелозата како глобална зооноза претставува сериозен јавно-здравствен предизвик и социо-економски проблем, како и финансиски товар во многу земји во светот, особено во земјите на ЈИЕ и Медитеранскиот регион.

**Убедени сме** дека во иднина борбата со бруцелозата, особено онаа предизвикана од *Brucella melitensis*, треба да е базирана на здружени напори, промоција на интерсекторска акција, регионална и меѓународна соработка, како и техничка и финансиска поддршка во обезбедување на регионални предуслови и стандарди за ефикасна и ефективна контрола и ерадикација на бруцелозата во земјите на Југоисточна Европа.

**Принципи:**

- Поради непобитниот факт дека насекаде луѓето со добра волја се поврзани преку нивната хуманост, ние се водевме од трајните принципи за зголемување на квалитетот на животот и заштита на човековото здравје, како и здравјето на животните, преку ефективна борба со зоонозите, особено бруцелозата;
- Поради непобитниот факт дека знаењето го води мирниот развој, ги споделивме сите акумулирани информации и иску-

ства за бруцелозата, ги применивме нашите здружени знаења во пракса насочена кон унапредување на превенцијата, контролата и ерадикацијата на бруцелозата на национално, регионално и интернационално ниво;

- Поради сознанието дека здравјето на животните, сигурноста на прехранбените продукти, како и заштитата на околината преку ефективна превенција, контрола и ерадикација на бруцелозата се тесно поврзани со економскиот развој и безбедноста на национално и интернационално ниво;
- Поради препознавањето дека новиот професионален и јавноздравствен императив е концептот „Еден свет – едно здравје – една медицина", соработката помеѓу ветеринарните и медицинските здравствени служби и професионалци, јавно-здравствените, ветеринарните и здравствените авторитети, фармерите и индустријата за храна во земјите на ЈИЕ е неопходна за преземање поефикасни мерки за превенција, контрола и елиминација на бруцелозата на национално, регионално и интернационално ниво.

**Резолуции:**

**Искажуваме спремност** за соработка во јавно-здравствената едукација и здружени мултидисциплинарни истражувачки проекти во земјите на ЈИЕ, и да работиме кон примена на докажани и ефективни мерки, и на најдобрите искуства од праксата за контрола и ерадикација на бруцелозата (1. Епидемиолошки надзор и активности за здравствена промоција; 2. Детекција и елиминација на изворот и идентификација на начините на пренесување; 3. Вакцинација на ситен добиток, обезбедување здрав подмладок, тестирање и колење на инфициран добиток со компензација по реални пазарни цени; и 4. Рано откривање на болеста и третман на пациентите со бруцелоза);

**Се посветуваме** на промовирање и поттикнување на усвојување соодветни закони и мерки за справување со локалните и регионалните епизоотолошки состојби, контрола на движењето на животните и следење на природата и рашireноста на заболувањата кај животните;

**Се заветуваме** да промовираме епидемиолошки истражувања и здравствена едукација со цел зголемување на свесноста за ризиците и товарот на бруцелозата кај луѓето во зафатените области и да поттикнеме промоција на здравјето, превенција на болеста и интервентни мерки;

**Се посветуваме** на подобра имплементација на европските и интернационалните стандарди поврзани со сигурноста на храната и зајакнување на регулативите за трговија со животни и животински продукти на регионално (ЈИЕ) и интернационално ниво;

**Искажуваме спремност** дека со ефективна стратегија и акциски план за борба со бруцелозата преку претходно споменатите средства и мерки, на национално и регионално ниво, ќе промовираме заштита на околината и ќе придонесеме за национална и интернационална сигурност и економски развој.

**Заклучоци:**

**Декларацијата од Струга** претставува искажување загриженост на учесниците од земјите на ЈИЕ на Меѓународната тематска научна конференција „Бруцелозата во ЈИЕ и Медитеранскиот регион" за постојниот и растечки товар на бруцелозата во ЈИЕ и Медитеранскиот регион, како и социјалната свест и посветеност на стручњаците да придонесат за унапредување на идната борба со бруцелозата во регионот на ЈИЕ.

Ги повикуваме овластените авторитети во земјите на ЈИЕ да ги засилат постојните и да создадат нови сеопфатни национални и регионални стратегии и акциски планови за интерсекторска и регионална соработка за поефикасна контрола и борба со бруцелозата,

Ги охрабруваме компетентните авторитети на меѓународно ниво, како Европската комисија, НАТО, Светската здравствена организација, Организацијата за храна и земјоделие, и други интернационални организации, сите оние кои се тесно поврзани со подобрувањето на добросостојбата на луѓето и животните, стандардите на живеење и квалитетот на живот преку работа на заштита и подобрување на здравјето на луѓето и животните, да ја разгледаат активно и да ја усвојат нашата Декларација, и да пружат техничка и финансиска поддршка за спроведување на нејзините содржини во праксата.

Заедно, со здружени интерсекторски напори и меѓународна соработка и поддршка можеме да ја победиме и искорениме бруцелозата во земјите на ЈИЕ.

За учесниците од земјите на ЈИЕ на конференцијата „Бруцелозата во ЈИЕ и Медитеранскиот регион", Струга, Република Македонија, 12–14.XI. 2009 г.

**Проф. д-р Дончо Донев**
Претседател на Организацискиот одбор